ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ-СКОПЈЕ
УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ

Врз основа на член 87 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2021, 58/2024 и 124/2025) и член 16 од Изјавата за основање на Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице – Друштво – Центар за иновативни технологии и развој во земјоделството АГРОЗИС ДООЕЛ – Скопје, директорот на Земјоделскиот институт во Скопје, во состав на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, распишува:

# ИНТЕРЕН ОГЛАС

За избор на Управител на Друштво за иновативни технологии и развој во земјоделството АГРОЗИС- ДООЕЛ - Скопје.

Согласно член 16 од Изјавата за основање на Друштво за иновативни технологии и развој во земјоделството АГРОЗИС- ДООЕЛ – Скопје, чијшто единствен содружник е УКИМ Земјоделски институт – Скопје, се повикуваат сите кандидати кои се заинтересирани за избор и извршување на функцијата управител на наведеното друштво, да достават пријава по овој оглас.

За управител може да биде избран секој вработен од редот на наставно-научниот кадар на Земјоделски институт – Скопје.

Првата и одговорностите на управителот се утврдени со Изјавата за основање на Друштво за иновативни технологии и развој во земјоделството АГРОЗИС- ДООЕЛ - Скопје.

Врз основа на поднесените пријави, изборот на управител го врши наставно-научниот совет на Земјоделски институт – Скопје, за период од 3 години со право на повторен избор.

Рокот за пријавување е 5 (пет) дена, сметано од денот на објавување на огласот на интернет страницата на Институтот.

Заедно со пријавата, кандидатот за избор на управител треба да достави програма за работа и развој на друштвото и мотивационо писмо.

Пријавата за избор на управител заедно со пропратните документи треба да бидат доставени во затворен коверт (со назначување: Оглас за избор на управител), до архивата на Земјоделски институт – Скопје, со седиште бул. 16-та Македонска бригада 3а, 1000 Скопје.

По истекот на рокот, Институтската управа врши разгледување на пријавите, определува кандидат за управител и го доставува предлогот за избор до Научниот совет. Научниот совет на Институтот врши избор на управител со мнозинство гласови од присутните членови.

Овој оглас се објавува на интернет страницата на Земјоделскиот институт – Скопје.

**Директор**
**Проф. д-р Душко Неделковски**

Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ Република Северна Македонија Скопје
ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ СКОПЈЕ